# ЈАВЕН ПОВИК ЗА МЛАДИ НОВИНАРИ/КИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКОТО СПИСАНИЕ „РОМА ИНДЕКС"

Здружението на граѓани „Ромаверзитас" - Скопје објавува Јавен повик за млади новинари/ки за електронското списание „Рома Индекс".

Опис на иницијативата:

Оваа иницијатива ќе обезбеди поддршка за четири млади Роми/ки да се стекнат со академско знаење, вештини и практично искуство во истражувачкото новинарство. Овие знаења, вештини и способности ќе им користат во нивниот иден кариерен и професионален развој. Оваа иницијатива ќе придонесе за зајакнување на капацитетите на младинските групи и ангажирање на млади поединци во зајакнувањето на себеси како академски граѓани. Рома Индекс ќе има за цел да ги информира, едуцира и забавува читателите/засегнатите страни за различни прашања од секојдневниот живот на младите поврзани со вработувањето, образованието, здравството, социјалната грижа, социјалниот живот, да информира за успешни животни приказни итн. Исто така, има ќе има за цел да создаде поединци кои активно ќе се вклучат во процесите на креирање и донесување одлуки на јавните политики на локално и национално ниво, за зајакнување на нивното критичко размислување и давање предлози за начини на позитивни промени во општеството.

Преку ова искуство, тие ќе го подобрат своето професионално знаење и можностите за кариера. Ова ќе ја олесни нивната идна транзиција на пазарот на трудот.

Главната цел на оваа иницијатива е да се зголеми работната сила и вработливоста на младите Роми/ки преку професионално насочување и академска поддршка, што ќе придонесе за развој предводен од младите Роми/ки.

За оваа иницијатива ќе бидат избрани четири млади Роми/ки. Планирано е да се публикуваат 6 изданија во текот на 12 месеци. За секое издание, за секој/а новинар/ка предвиден е бруто хонорар од 50 американски долари.

*Обем на работата:*

- Да учествува во креирање на рубриките
- Да изработува текстови согласно насоките и препораките на уредникот-ментор и барањата на тимот на Ромаверзитас
- Редовно да учество на состаноците со тимот на Рома Индекс

Оваа иницијатива е поддржана од Американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), организирана од „Ромаверзитас" во рамки на Активноста на УСАИД за млади кои активно создаваат можности, имплементирана од организацијата Унапредување на економиите за посилни заедници, во партнерство со Младински образовен форум (МОФ) и Центарот за претприемачи и развој на менаџери (CEED Hub) Скопје.
Мислењата изразени на оваа веб страница им припаѓаат на авторите/„Ромаверзитас" и не ги изразуваат ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави (САД).

Основни критериуми:

- Да биде Ром/ка
- Да е државјанин/ка на Република Северна Македонија
- Да е на возраст од 15 - 30 години на денот на аплицирањето
- Да е од следните општини или моментално да е со место на живеење во нив: Скопје, Гостивар, Кичево, Берово или Делчево
- Да биде мотивиран/а да присуствува и да има активна улога во изработка на изданијата

Потребни документи:

- Пријава (која се наоѓа подолу во повикот)
- Мотивационо писмо

Начин на пријавување:

Сите заинтересирани кандидати, се охрабруваат да ги достават документите најдоцна до 14.06.2024 до 12:00 часот на меил kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk или директно во канцелариите на Ромаверзитас, со назнака: Апликација за новинар/ка за електронското списание Рома Индекс. Само апликантите кои ќе влезат во потесен круг ќе бидат повикани на интервју.

Оваа иницијатива е поддржана од Американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), организирана од „Ромаверзитас“ во рамки на Активноста на УСАИД за млади кои активно создаваат можности, имплементирана од организацијата Унапредување на економиите за посилни заедници, во партнерство со Младински образовен форум (МОФ) и Центарот за претприемачи и развој на менаџери (CEED Hub) Скопје.
Мислењата изразени на оваа веб страница им припаѓаат на авторите/„Ромаверзитас“ и не ги изразуваат ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави (САД).

**ПРИЈАВА ЗА НОВИНАР/КА ЗА ЕЛЕКТРОНСКОТО СПИСАНИЕ „РОМА ИНДЕКС“**

Име и презиме: ________________________________________________

Возраст: ________________________________________________

Етничка припадност: ________________________________________________

Државјанство: ________________________________________________

Општина: ________________________________________________

Меил: ________________________________________________

Контакт телефон: ________________________________________________

Оваа иницијатива е поддржана од Американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), организирана од „Ромаверзитас“ во рамки на Активноста на УСАИД за млади кои активно создаваат можности, имплементирана од организацијата Унапредување на економиите за посилни заедници, во партнерство со Младински образовен форум (МОФ) и Центарот за претприемачи и развој на менаџери (CEED Hub) Скопје.
Мислењата изразени на оваа веб страница им припаѓаат на авторите/„Ромаверзитас“ и не ги изразуваат ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави (САД).